**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02)** 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

УП бр. 10-83

Врз основа на член 10 и член 15 од Законот за контрола на државната помош ("Службен весник на Република Македонија" бр.145/2010), Комисијата за заштита на конкуренцијата постапувајќи по известувањето за доделување на планирана државна помош за регионален развој на " Кромберг и Шуберт Македонија„ ДООЕЛ Скопје бр.10-83 од 05.12.2011 година поднесено од Владата на Република Македонија, застапувана и претставувана од страна на Министерот без ресор задолжен за привлекување странски инвестиции, Веле Самак на седницата одржана на 14.12.2011 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1. Мерката **директна помош во облик на ослободување од персонален данок на доход,** содржана во Известувањето бр.10-83 од 05.12.2011 година, поднесено од страна на Владата на Република Македонија, како давател на државна помош, застапувана и претставувана од страна на Министерот без ресор задолжен за привлекување странски инвестиции Веле Самак, за доделување на планирана државна помош за регионален развој на "Кромберг и Шуберт Македонија„ ДООЕЛ Скопје, со седиште на бул.Октомвриска револуција 6б, Хипериум Бизнис Центар, 2-ри кат, 1000 Скопје, Р.Македонија како корисник на државната помош, наменета за поддржување на реализација на инвестицискиот проект за производство на кабелски инсталации во автомобилската индустрија и создавање на нови работни места поврзани со инвестицијата, претставува **регионална помош како индивидуална помош согласно член 4 став (1) точка 2 и точка 11 од Законот за контрола на државната помош, при што доделувањето на истата е дозволено;**
2. Мерката **во облик на 50% ослободување од вкупниот износ на сите задолжителни социјални надоместоци и придонеси по однос на плати за вработените**, содржана во Известувањето бр.10-83 од 05.12.2011 година, поднесено од страна на Владата на Република Македонија, како давател на државна помош, застапувана и претставувана од страна на Министерот без ресор задолжен за привлекување странски инвестиции, Веле Самак, за доделување на планирана државна помош за регионален развој на "Кромберг и Шуберт Македонија„ ДООЕЛ Скопје, со седиште на бул. Октомвриска револуција 6б, Хипериум Бизнис Центар, 2-ри

кат,1000 Скопје, Р.Македонија како корисник на државната помош, наменета за поддржување на реализација на инвестицискиот проект за производство на кабелски инсталации во автомобилската индустрија и создавање на нови работни места поврзани со инвестицијата, претставува **регионална помош како индивидуална помош согласно член 4 став (1) точка 2 и точка 11 од Законот за контрола на државната помош, при што доделувањето на истата е дозволено;**

## О б р а з л о ж е н и е

Постапувајќи во согласност со обврската за известување, во име на Владата на Република Македонија како дavател на државна помош, Министерот без ресор задолжен за привлекување странски инвестиции, Веле Самак до Комисијата за заштита на конкуренцијата достави известување за доделување на планирана државна помош за регионален развој на корисник на Индустриската зона “Жабени„ Општина Битола, - “Кромберг и Шуберт Македонија„ ДООЕЛ Скопје бр.10-83 од 05.12.2011 година (во понатамошниот текст: известување), со прилог копија од правниот акт врз основа на кој се доделува помошта-Извадок од Нацрт- записникот на Петнаесеттата затворена седница на Владата на Република Македонија, одржана на 26.11.2011 година и Договорот за доделување на државна помош на корисник во Индустриската зона “Жабени„ Општина Битола (во понатамошниот текст: Договор)

Со оглед на фактот дека поднесеното известување ги содржи сите потребни податоци потребни за оценка на помошта согласно член 14 став (1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија,, бр. 145/2010), како ден на прием на уредно известувањето се смета 05.12.2011 година.

Комисијата за заштита на конкуренција ( во понатамошниот текст: КЗК) во законски предвидениот рок го испита доставеното известување и прилог копијата од правниот акт врз основа на кој се доделува помошта-Извадок од Нацрт- записникот на Петнаесеттата затворена седница на Владата на Република Македонија, одржана на 26.11.2011 како и Договорот кон него и ја утврди следната фактичка состојба:

1. **Давател на државната помош е**: Владата на Република Македонија, застапувана и претставувана од страна на Министерот без ресор задолжен за привлекување странски инвестиции, Веле Самак;

**Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6** (6 ти **кат), 1000 Скопје**
**Тел** (02) **3298 666 Факс** (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk


2. **Корисник на државната помош е**: "Кромберг и Шуберт Македонија„ ДООЕЛ Скопје, со седиште на бул. Октомвриска револуција 6б, Хипериум Бизнис Центар, 2 ри кат, 1000 Скопје, Р.Македонија.

3. **Правен основ за доделување на државната помош** претставува правниот акт врз основа на кој се доделува помошта-Извадок од Нацрт- записникот на Петнаесеттата затворена седница на Владата на Република Македонија, одржана на 26.11.2011 како и Договорот за доделување на државна помош на корисник во Индустриската зона "Жабени„ Општина Битола кој во име на Владата на Република Македонија како дավател на државна помош ќе го склучи Министерот без ресор задолжен за привлекување странски инвестиции, Веле Самак со" Кромберг и Шуберт Македонија„ ДООЕЛ Скопје, како корисник на помошта.

4. Помошта која Владата на Република Македонија планира да ја додели на "Кромберг и Шуберт Македонија„ ДООЕЛ Скопје, **е наменета за поддржување на реализација на инвестицискиот проект за производство на кабелски инсталации во автомобилската индустрија и создавање на нови работни места поврзани со инвестицијата,** па оттука истата претставува **регионална помош согласно член 4 став (1) точка 11 од Законот за контрола на државната помош**.

5. Мерките – директна помош **во облик на ослободување од персонален данок на доход и 50% ослободување од вкупниот износ на сите задолжителни социјални надоместоци и придонеси по однос на плати за вработените**, претставуваат регионална помош како индивидуална помош согласно член 4 став (1) точка 2 и точка 11 од Законот за контрола на државната помош, при што **доделувањето на истите е дозволено.**

   При оценка на дозволеноста на доделувањето на помошта КЗК утврдува дали доделувањето на помошта се врши согласно Уредбата за утврдување на условите и постапката за доделување на регионална помош ("Службен весник на Република Македонија„ бр.81/2003 и 118/2009), (во понатамошниот текст: Уредба).

   Оттука, во член 4 од Уредбата се утврдени максималните вредности на интензитетот на помошта и тоа до 50% од бруто грант еквивалент од оправданите инвестициони трошоци или од трошоците за плата за новоотворените работни места за период од две години.

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Исто така, во член 5 од Уредбата е утврдено дека регионалната помош определена со Уредбата не може да се кумулира со друга државна помош во поглед на истите оправдани трошоци, доколку таквото кумулирање би резултирало со интензитет на помошта што ја надминува максималната вредност утврдена со оваа Уредба.

Во известувањето и во Договорот за доделување на државна помош на корисник во Индустриската зона "Жабени" општина Битола е наведено дека во случајот на на "Кромберг и Шуберт Македонија" ДООЕЛ Скопје, оправданите инвестициони трошоци ќе бидат земени како основа за одредување на интензитетот на државната помош. Оправданите инвестициски трошоци за реализација на инвестицискиот проект на "Кромберг и Шуберт Македонија" ДООЕЛ Скопје изнесуваат најмалку 10 милиони евра во период од 4 години од датата на почеток. Исто така, во известувањето е наведено дека времетраењето на индивидуалната државна помош изнесува XXX години или се додека не се достигнат XXX % од вкупните оправдани инвестициски трошоци почнувајќи од XXX година или на подоцнежната дата на која компанијата корисник на државната помош ќе достигне XXX вработени.

Воедно, во поглед на кумулацијата, во известувањето е прецизирано дека корисникот на државна помош "Кромберг и Шуберт Македонија" ДООЕЛ Скопје ќе користи помош и од други извори-општина Битола, каде што вкупната државна помош доделена од страна на општина Битола ќе се кумулира со државната помош која корисникот на државната помош "Кромберг и Шуберт Македонија" ДООЕЛ Скопје ја добива од изворот на финансирање на помошта, т.е Буџетот на Влада на Р. Македонија во согласност со член 5 од Уредбата.

КЗК со Решение УП бр.10-31 од 20.09.2011 година утврди дека мерките содржани во Одлуката за давање на поволни услови за инвестиции во Индустриската зона "Жабени" за првите 20 хектари, донесена од страна на Советот на Општина Битола претставуваат регионална помош како шема на помош согласно член 4 став (1) точка 1 и точка 11 од Законот за контрола на државната помош и доделувањето на истата е дозволено под услов помошта да се доделува согласно одредбите од Уредбата.

Од горенаведеното произлегува дека помошта која Владата на Република Македонија ќе ја додели на "Кромберг и Шуберт Македонија" ДООЕЛ Скопје како **директна помош во облик на**

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

**ослободување од персонален данок на доход и во облик на 50% ослободување од вкупниот износ на сите задолжителни социјални надоместоци и придонеси по однос на плати за вработените** наменета за поддржување на реализација на инвестицискиот проект за производство на кабелски инсталации во автомобилската индустрија и создавање на нови работни места поврзани со инвестицијата **е дозволена**, бидејќи истата е планирано да се доделува во согласност со Уредбата.

Заради горенаведеното, Комисијата за заштита на конкуренцијата одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука**: Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на решението, согласно член 26 од Законот за контрола на државната помош. Тужбата не го одлага извршувањето на решението, освен во случај кога Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе наложи враќање на незаконската или злоупотребената државна помош чие доделување не е дозволено.

**Претседател**

**Чедомир Краљевски**